**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 13[illegible], 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4436/1 | | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување
2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје
3. **Период опфатен со надзорот**: 19 октомври 2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот**: 19 октомври 2025 година
5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта"), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, телевизија на регионално ниво што емитува програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на 19 октомври 2025 година, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на членот 76-б став 3 од Изборниот законик,ТВ Вистел, на 19 октомври 2025 година, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, емитуваше прес-конференција на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, односно емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта.

| Датум на емитување | Време на емитување | Програма |
|---|---|---|
| 19.10.2025 | 10:23:33 – 10:29:26<br>12:00:13 – 12:06:06 | Прес-конференција на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски. |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 19 октомври 2025 година, при известувањето за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Локалните избори 2025 година, двапати емитуваше прес-конференција на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, односно емитуваше изјави од носители на функции во органите на власта.

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд против Трговското радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

***Сектор за програмски работи***